**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работата на општинскиот инспекторат за периодот од 01.01 до 30.09.2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/12**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР - ИНСПЕКТОРАТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-30.09.2012 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Одделението за инспекциски надзор - Инспекторат за периодот од 01.01.-30.09.2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/12**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 30.09.2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови за периодот од 01.07 до 30.09.2012 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/13**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07 – 30.09.2012 ГОДИНА.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за периодот од 01.07 -30.09. 2012 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување буџетски календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр. 5/2002), член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/2004 и 96/2004) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОНЕСУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2013 ГОДИНА**

**Член 1**

Се донесува буџетскиот календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2013 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/14**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5, од Законот за финансирање на единците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр. 61/04 и 96/04) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( Службен гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година донесе:

***БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР***

| **Можен датум** | **Буџетски активности и Одговорност** |
|---|---|
| 26.10.2012година | Советот на општината го донесува буџетскиот календар |
| Обврска на МФ | Министеротзафинансии доставува до владата на РМ фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| Обврска на МФ | Министерот за финансии доставува буџетски |

| | |
|---|---|
| | циркулар со насока за изготвување на предлог буџет за наредната година |
| 05.11.2012година | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| 12.11.2012година | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| 19.11.2012година | Одделот за буџет врши преговарање, анализирање на доставените предлог пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот предлог буџет |
| 29.11.2012година | Советот на општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| 03.12.2012година | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки градоначалникот |
| 07.12.2012година | Градоначалникот го разгледува и одобрува предлог буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| 11.12.2012година | 1.Предлог буџетот се доставува до советот на општината.<br>2.Се објавува содржината на предлог буџетот и се дава достапност на јавноста.<br>3. Се одржуваат јавни расправи. |
| 17.12.2012година | Доставување на примедби и забелешки од страна на граѓани, корисници, фондации, здруженија и други заинтересирани субјекти |
| 21.12.2012година | До советот се доставува конечен предлог буџет од страна на градоначалникот |
| 21-26.12.2012година | Се води расправа во телата на советот на општината |
| 28.12.2012година | Седница на советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| 1 Јануари | Започнува новата буџетска година. |

**Број 07- 4568/14-1**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник

на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.61/04),член 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04),Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“бр.123/12) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на 26.10. 2012 година,ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**
**(Усогласување со законските измени од 02.10.2012 год)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила бр.07-1055/2 од 29.07.2005 год.и на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила бр.07-3165/28 од 29.12.2008 год.

**Член 2**

Висината на комуналната такса за паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта изнесува 10% од цената на наплатената услуга за користење на просторот на паркирање.

**Член 3**

Висината на комуналната такса за паркирање на товарни моторни возила и автобуси на јавни паркиралишта изнесува 10% од цената на наплатената услуга за користење на просторот на паркирање.

**Член 4**

Висината на комуналната такса за паркирање на приколки на јавни паркиралишта изнесува 10% од цената на наплатената услуга за користење на просторот на паркирање.

**Член 5**

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице кои користат јавен простор за паркирање на моторни возила.

**Член 6**

Со денот на стапувањето во сила на оваа Одлука,престануваат да важат и да се применуваат Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила бр.07-1055/2 од 29.07.2005 год.и Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила бр.07-3165/28 од 29.12.2008 год.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници за општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 54 од Закот за превоз на патниот сообраќај ( „Сл.весник на РМ“ бр. 68/04……53/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на општина Охрид ги утврдува условите за вршење на авто-такси превоз на патници согласно член 54 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај ( „Сл.весник на РМ“ бр. 68/04), а во врска со:

- локација и капацитет на такси постојки
- обележување и опремување на такси станици,
- бојата на возилата
- тарифа и начинот на користење на такси постојките
- унифицирани ознаки и опрема на такси возилото

**Член 2**

Локации и капацитет на такси постојките се следни:

1. На ул. „Кеј Маршал Тито“ со пресек на ул. „Јане Сандански“ со капацитет од 5 паркинг места ( паркирање под 90 $^{o}$ напречно).
2. На ул. „Јане Сандански“ во продолжение на автобуската постојка кај Мини-маркет со капацитет од 10 паркинг места.(надолжно паркирање).
3. На ул. „Македонски Просветители“ во „џебот“ кај поштата со капацитет од 15 паркинг места (надолжно паркирање).
4. На ул. „БулеварТуристичка“ преку ОУ „Григор Прличев“ со капацитет од 15 паркинг места ( надолжно паркирање).
5. На ул. „Булевар Туристичка“ од десната страна гледано во насока на движење поточно пред пазарот со капацитет од 12 паркинг места
6. На ул. „7-ми Ноември“ од левата страна во насока на движење спрема центар наспроти Лихнида со капацитет од 8 паркинг места.
7. На ул. „Сирма Војвода“ паркинг просторот од десна страна на влезот од Охрид со капацитет од 8 паркинг места.
8. На ул.„Булевар Туристичка“ после раскрсницата со ул. „Абас Емин“ од десна страна во правец на Струга со капацитет од 5 паркинг места.

9. На ул. „Гоце Делчев“ после пресекот со раскрсницата, со крак „Гоце Делчев“ од левата страна гледано спрема Градска плажа со капацитет од 5 паркинг места.
10. На ул. „Гоце Делчев“ од левата страна гледано во правец спрема Струга кај Воска „Чинар“ со капацитет од 5 паркинг места.
11. На ул. „Булевар Туристичка“ од десната страна во насока на движење спрема Струга кај ноќен клуб „Наполеон“ со капацитет од 7 паркинг места.
12. На ул. „Кирил и Методиј“ пред Горна порта со капацитет од 5 паркинг места.
13. На кружниот ток на сообраќај на самиот плоштад десно од влезот на пристаништето се формира такси постојка со косо паркирање со од наназад и капацитет од 7 паркинг места.
14. На Булевар Туристичка кај градскиот Пазар после пешачкиот премин се формира такси постојка со капацитет од 13 паркинг места.
15. На Булевар Туристичка гледано во насока према запад однос излез од Охрид од десна страна од влезот на Охридска Банка до пешачкиот премин се формира такси постојка со капацитет од 12 паркинг места.
16. На ул. „Гоце Делчев“ на самиот почеток гледано во насока преме запад односно преме Струга од левата страна после постоечката такси станица се формира нова такси станица со капацитет од 7 паркинг места.

Горенаведените такси постојки, такси превозниците ќе можат да ги користат согласно режимот на сообраќај.

**Член 3**

Такси-станиците ќе бидат обележани со стандардна хоризонтална сигнализација во жолта боја со натписи „Такси“ и вертикална сигнализација.

**Член 4**

Такси-станиците можат да ги користат само возилата регистрирани за такси дејност ( кои поседуваат лиценца).

Бројот на паркирани такси-возила на која било такси станица не може да биде поголем од утврдениот во член 2 од оваа одлука.

**Член 5**

Бојата на возилата со која ќе се врши авто-такси превоз ќе е во бела основа со број RAL 9003, додека предната хауба, задниот капак, покривот заедно со столбовите ирачките од страничните врати во сина боја со број RAL 5012.

На предните врати на такси-возилата се поставува амблемот на градот Охрид, со димензии 300 (мм) X 300 (мм), околу амблемот на горната страна се поставува името на правниот субјект под кој е лиценциран, под амблемот се пишува регистарскиот број на такси лиценцата и

повикувачкиот телефон со кој се повикува возилото. Амблемот на градот и натписите се со сина боја исто како предната и задната хауба.

Големината на буквите со кои ќе се испишани натписите е 40X70 мм со дебелина на буквите10 мм.

Сите такси возила во внатрешноста на возилото на видно место задолжително мораат да имаат истакнато ценовник на такси услугата одобрен и заверен од надлежен орган.

Во внатрешната страна на такси возилото да биде поставена легитимација на возачот со фотографија од истиот (име и презиме), заверена и издадена од страна од правниот субјект, односно такси компанијата.

Авто-такси превозниците се должни обврските од цитираниов член да ги исполнат до 31.12.2012 година.

**Член 6**

На покривот на авто-такси возилото мора да биде истакната светлечка табла само со назив „TAXI“.

Таблата од став 1 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350 X160 мм,на горната површина 250X80 мм со заоблени рабови, висината 120 мм и дебелина на рабовите на таблата15 мм. Големината на буквите е 40 X70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

**Член 7**

Тарифата на авто-такси превозот ја предлагаат надлежниот орган од Одделението за комунален развој во соработка со авто-такси превозниците, а ја донесува Советот на општина Охрид.

Цената на превозот се наплатува од корисникот врз основа на износот утврден согласно фискалниот апарат според утврдената тарифа.
Тарифата по која се наплатува авто-такси превозот ќе биде:

1. **Заштитна цена ( превоз до 1 км) 50,00 денари, а за секој нареден изминат километар изнесува 30 денари**
2. **Максималната цена на чекање изнесува 300,оо денари за изминат час.**
3. **Цената на лиценцата за авто-такси превоз изнесува 40 000,оо денари, а изводот од лиценца изнесува 500,оо денари.**

**Член 8**

Авто - такси превозникот е должен тарифата да ја истакне на видно место во возилото на предното ветробранско стакло.

**Член 9**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид бр. 07-561/22 од

31.03.2006 год.Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид бр. 07-1347/21 од 28.04.2011 година.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/16**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/17**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 11,12 и 214 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член15 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид“бр.8/07), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 26.10.2012 год. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука од страна на општина Охрид ќе се врши обезбедување на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на Буџетот на општина Охрид, во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани изложени на социјални ризици.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и постапката за спроведување на мерките.

**Член 2**

Вкупниот износ на субвенцијата ќе изнесува до 600,оо денари месечно за секој корисник и ќе биде составен од три компоненти:

- покривање на трошоците за потрошена вода за пиење до 300,оо денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата;
- покривање на трошоците за одведување отпад до 150,оо денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата, и
- покривање на трошоците за одведување на отпадни и атмосферски води до 150,оо денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

**Член 3**

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на општина Охрид ќе можат да го користат лицата кои имаат статус на:

- корисници на парична помош поради материјална необезбеденост и невработеност;
- корисници на постојана парична помош;
- стечајни работници; и
- инвалидизирани лица со најмалку 70 % степен на инвалидизираност.

**Член 4**

Се утврдува дека сите категории на граѓани утврдени во член 3 од оваа Одлука, субвенционирањето ќе можат да го користат до колку кумулативно ги исполнуваат следните критериуми :

- да се државјани на Република Македонија;
- да се жители на општина Охрид;
- да се корисници на услуги од МЈП „Проаква“, ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид и ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид или да се корисници на услуги и од трите Јавни претпријатија.
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

**Член 5**

Врз основа на оваа Одлука, за секој корисник на субвенцијата ќе се одлучува со поединечно решение, по претходно спроведена постапка на Јавно огласување, прибирање на барања и обработка на истите.

Максималните износи од член 2 на оваа Одлука, за секој корисник на комуналните услуги односно на субвенцијата ќе бидат исти и ќе бидат фиксни, односно нема да зависат од месечните трошоци на секој корисник одделно.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/17**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „ БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување на Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/18**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36, 67 и 68 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр5/02) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се вршат измени во Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид бр. 07-1626/19 од 27.04.2012 год.

**Член 2**

Член 1 од Одлуката се менува и истиот гласи:

Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид им ги отстапува на користење следните паркинг простори:

- Паркинг плац кај стара Стоковна куќа
- Паркинг плац кај Горна Порта
- паркинг простор пред плажа Горица 3
- паркинг простор пред плажа хотел Бетон
- Два паркинг простори во Лагадин

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07- 4568/18** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2012-2013 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на Јавната општинска установа за деца

детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2012-2013 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/19** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) , член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид (“Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА –ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2012/2013 ГОД

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишната програма за згрижување и воспитно-образовна работа на јавната општинска установа за деца – детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2012/2013 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 4568/19** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 2.4.20 ВО УЗ 2, ДЕЛ ОД УБ 2.4 НА КП.БР. 16545 И КП.БР. 16546, КО ОХРИД 3 ОХРИД ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на кп.бр. 16545 и кп.бр. 16546, КО Охрид 3 Охрид општина Охрид 2012-2017, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР.2.4.20 УЗ 2 ДЕЛ ОД УБ 2.4 НА КП.БР. 16545 И 16546 КО ОХРИД 3 ОПШТИНА ОХРИД 2012-2017

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела бр.2.4.20 УЗ 2 дел од УБ 2.4 на кп.16545 и кп.бр.16546 КО Охрид 3 Општина Охрид 2012-2017.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела бр.2.4.20 УЗ 2 дел од УБ 2.4 на кп.16545 и кп.бр.16546 КО Охрид 3 Општина Охрид 2012-2017 се опфаќа простор со површина од 0.03 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.2.4.20 УЗ 2 дел од УБ 2.4 на кп.16545 и кп.бр.16546 КО Охрид 3 Општина Охрид 2012-2017 е опфат на границите:

**Станбена улица Славеј Планина, Пешачка улица и соседните кп.16547/1, кп 16547/2 и 16536/1 .**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.2.4.20 УЗ 2 дел од УБ 2.4 на кп.16545 и кп.бр.16546 КО Охрид 3 Општина Охрид 2012-2017 со тех. бр. 16/12 изработен од „ПОЛОГ ПРОЕКТ-ПРО “ ДОО Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за градежна парцела бр.2.4.20 УЗ 2 дел од УБ 2.4 на кп.16545 и кп.бр.16546 КО Охрид 3 општина Охрид 2012-2017.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 4568/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 13, ДЕЛ ОД УБ 13.3 ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 13.3.1. НА КП.БР. 3340/1 ОПФАТ НА УЛИЦА ВИНКОВАЧКА КО ОХРИД 4, ОХРИД 2012-2017**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за градежна парцела 13.3.1. на Кп.бр. 3340/1 опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 13.3 ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 13.3.1 НА КП 3340/1-ОПФАТ НА УЛИЦА ВИНКОВАЧКА КО ОХРИД 4 ОХРИД 2012 - 2017**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталел урбанистички план за дел од урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.3 ЗА градежна парцела 13.3.1 на кп 3340/1-опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.3 ЗА градежна парцела 13.3.1 на кп 3340/1-опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017. се опфаќа простор со површина од 0.03 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.3 ЗА градежна парцела 13.3.1 на кп 3340/1-опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017. е опфат на границите:

**Ул. „Винковачка“ и соседните кп 3335, кп 3340/2 и кп.3340/3**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.3 ЗА градежна парцела 13.3.1 на кп 3340/1-опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017.. со тех. бр. 7/12 изработен од „ДБ Стил КО“ - Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.3 ЗА градежна парцела 13.3.1 на кп 3340/1-опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 4568/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 11.4.1 НА КП БР. 4361 ВО УЗ 11 УБ 11.4 КО ОХРИД , ОПШТИНА ОХРИД 2011-2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување ДеталенУрбанистички план за градежнапарцела бр. 11.4.1на Кп.бр. 4361 воУЗ 11 УБ 11.4. КО Охрид, општина Охрид 2011-2016 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 год.

**Број 08 - 4568/22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА БР. 11.4.1 НА КП БР. 4361 ВО УЗ 11 УБ 11.4 КО ОХРИД , ОПШТИНА ОХРИД 2011-2016**

**Член 1**

Се донесува детален урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на кп бр. 4361 , во УЗ 11 УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0.04 ха.

Просторот на планскиот опфат по детален урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на кп бр. 4361 , во УЗ 11 УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016 е опфат на границите:

**Ул. „ Новопроектирана 2“ и соседните кп 4379, кп 4378/1, кп 4362 и кп 4360 .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на кп бр. 4361 , во УЗ 11 УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016, изработен од „НИМАЕР“ ДООЕЛ Струга д.е.Скопје со технички број 257/2011 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на кп бр. 4361 , во УЗ 11 УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на кп бр. 4361 , во УЗ 11 УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 4568/22**
**26.10.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2012 година | **2** |
| **2.** | Одлука за усвојување на финансискиот Извештајот за периодот од 01.01. до 30.06.2012 година на МЛП „Проаква“ Охрид РЕ „Водовод“ Охрид | **3** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП „ Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2012 година | **4** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „ Погребни услуги “ Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2012 година | **5** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2012 година | **6** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2012 година | **7** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за периодот од 01.04. до 30.06.2012 година | **8** |
| **8.** | Одлука за измени и дополнување на одлуката за организирање на режим на сообраќај во општина Охрид | **9** |
| **9.** | Одлука за донесување детален урбанистички план за УЗ 13 дел од УБ 13.4 опфат 1 Железничка општина Охрид 2010-1012 | **11** |
| **10.** | Одлука за донесување детален урбанистички план за градежна парцела бр. 5.23 на Кп.бр. 16807/1 и 16808, УЗ 2 УБ 2.5 Охрид 2011-2016 општина Охрид | **13** |
| **11.** | Одлука за започнување на постапка за доделување на Договор за Јавно приватно партнерство за изградба на автобуска станица во | **14** |

општина Охрид

**12.** Одлука за започнување на постапка за доделување на Договор за Јавно приватно партнерство за изградба на катна гаража во општина Охрид **16**

**13.** Заклучок **18**

**14.** Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за периодот од 01.01 до 30.09.2012 година. **19**

**15.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **20**

**16.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **21**

**17.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **22**

**18.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **23**

**19.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба на системи за водоснабдување за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **25**

**20.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година. **26**

**21.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за потикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2012 година. **27**

**22.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.07. до 30.09.2012 година. **28**

**23.** Одлука за усвојување на Извештајот за работата на општинскиот инспекторат за периодот од 01.01. до 30.09.2012 година **29**

**24.** Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за изработка на урбанистички планови за периодот од 01.07. до 30.09.2012 година. **30**

**25.** Одлука за донесување буџетски календар за начинот и постапката за изготвување и донесување на буџетот на општина Охрид за 2013 година. **31**

**26.** Одлука за утврдување на висината на комуналната такса за користење на простор за паркирање на моторни возила. **33**

**27.** Одлука за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници за општина Охрид. **35**

**28.** Одлука за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги. **38**

**29.** Одлука за изменување на Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЛП „ Биљанини Извори“ Охрид . **40**

**30.** Одлука за усвојување на годишната програма за згрижување и воспитно образовна работа на Јавната општинска установа за деца детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2012-2013 година. **42**

**31.** Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за градежна парцела 2.4.20 во УЗ 2, дел од УБ 2.4 на КП.бр. 16545 и Кп.бр. 16546, КО Охрид 3 Охрид општина Охрид 2012-2017. **43**

**32.** Одлука за утврдување Нацрт детален урбанистички план за дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за градежна парцела 13.3.1. на Кп.бр. 3340/1 опфат на улица Винковачка КО Охрид 4, Охрид 2012-2017. **45**

**33.** Одлука за донесување детален урбанистички план за градежна парцела бр. 11.4.1 на Кп.бр.4361 во УЗ 11УБ 11.4 КО Охрид, општина Охрид 2011-2016 **46**